# Народна банка на Република Македонија

ДИРЕКЦИЈА ЗА СТАТИСТИКА

И. бр. 8

# Информација за надворешниот долг и меѓународната инвестициска позиција на Република Македонија на крајот на третиот квартал од 2014 година

декември, 2014 година

**Бруто надворешниот долг** на крајот на третиот квартал од 2014 година изнесува 6.335 милиони евра и во однос на состојбата на крајот на претходниот квартал е зголемен за 591 милион евра. Најголемиот дел од кварталниот раст на долгот произлегува од задолжувањето со новата евро-обврзница издадена во јули 2014 година, во номинален износ од 500 милиони евра. **Бруто надворешните побарувања** бележат квартално зголемување за 618 милиони евра, во најголем дел поврзано со растот на девизните резерви на централната банка, главно пласирани во долгорочни должнички хартии од вредност. Следствено, **нето надворешниот долг** во третиот квартал од 2014 година е намален за 28 милиони евра и изнесува 1.772 милиони евра.

**Во однос на крајот на 2013 година**, бруто надворешниот долг е повисок за 1.115 милиони евра, од кои 86,9% се однесуваат на зголемениот јавен долг (за 538 милиони евра зголемен е долгот на државата, за 308 милиони евра зголемување од репо-трансакциите што ги извршува Народната банка во рамки на управувањето со девизните резерви[1], додека јавните претпријатија се задолжиле со дополнителни 121 милион евра). Доколку се исклучи ефектот на репо-трансакциите, бруто надворешниот долг е зголемен за 810 милиони евра. Бруто надворешните побарувања се повисоки за 858 милиони евра, во најголем дел поради зголемените јавни побарувања (главно пласманите на Народната банка во обратни репо-трансакции, должнички хартии од вредност и депозити). Без репо-трансакциите, бруто надворешните побарувања се повисоки за 552 милиона евра. Во вакви услови, годишната кумулативна промена кај нето надворешниот долг покажува зголемување за 257 милион евра.

Негативната **нето меѓународна инвестициска позиција** во третиот квартал од 2014 година е намалена за 52 милиона евра во однос на претходниот квартал, додека, во однос на крајот на 2013 година, е зголемена за 236 милиони евра. Промените кај должничките и сопственичките инструменти имаат речиси идентичен придонес за кварталниот пад на негативната нето МИП, (пад на нето-обврските за 28 милиони евра и 24 милиони евра, соодветно). Годишниот кумулативен раст на негативната нето МИП во целост произлегува од зголемениот нето надворешен долг (за 257 милиони евра), при минимален пад на обврските кај сопственичките инструменти. Со тоа, на крајот на третиот квартал на 2014 година, негативната нето МИП достигна 4.794 милиони евра, или 56,7% од проектираниот БДП. И натаму, најголем дел (84,8%) од овој износ се нето-обврски врз основа на директни инвестиции, од кои сопственичкиот капитал учествува со 80,4%.

[1] При склучувањето на репо-трансакциите се создаваат обврски (класифицирани под категоријата „заеми“) коишто придонесуваат за зголемување на нивото на бруто-долгот. Истовремено, при склучувањето обратни репо-договори, создадените побарувања придонесуваат за зголемување на бруто-побарувањата. НБРМ врши истовремено врзано склучување репо и обратни репо-договори, во речиси идентични износи. Гледано во целина, бидејќи истовремено се склучуваат, на нето-основа овие трансакции имаат неутрален ефект, односно се јавуваат во речиси идентичен износ и на страната на обврските, и на страната на побарувањата, поради што не се одразуваат на вкупниот нето надворешен долг.

## Надворешна задолженост и меѓународна инвестициска позиција на Република Македонија

| | 31.12.2013 | | 30.06.2014 | | 30.09.2014 | | промена во однос на крај на претходна година | | | квартална промена | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | мил. евра | % БДП | мил. евра | % БДП | мил. евра | % БДП | мил. евра | % | п.п. | мил. евра | % | п.п. |
| **Бруто надворешен долг** | **5,219.7** | **64.3** | **5,744.2** | **67.9** | **6,334.8** | **74.9** | **1,115.1** | **21.4** | **10.5** | **590.7** | **10.3** | **7.0** |
| ***Бруто надворешен долг без РЕПО*** | ***5,219.7*** | ***64.3*** | ***5,440.1*** | ***64.3*** | ***6,029.9*** | ***71.3*** | **810.2** | **15.5** | **6.9** | **589.9** | **10.8** | **7.0** |
| Долгорочен долг | 4,002.8 | 49.3 | 4,037.5 | 47.7 | 4,640.0 | 54.8 | 637.2 | 15.9 | 5.5 | 602.6 | 14.9 | 7.1 |
| Краткорочен долг | 1,216.9 | 15.0 | 1,706.7 | 20.2 | 1,694.8 | 20.0 | 477.9 | 39.3 | 5.0 | -11.9 | -0.7 | -0.1 |
| Јавен долг | 2,172.4 | 26.8 | 2,582.6 | 30.5 | 3,141.1 | 37.1 | 968.8 | 44.6 | 10.3 | 558.5 | 21.6 | 6.6 |
| Приватен долг | 3,047.4 | 37.6 | 3,161.6 | 37.4 | 3,193.7 | 37.8 | 146.3 | 4.8 | 0.2 | 32.1 | 1.0 | 0.4 |
| **Бруто надворешни побарувања** | **3,704.5** | **45.7** | **3,944.5** | **46.6** | **4,562.8** | **53.9** | **858.3** | **23.2** | **8.3** | **618.3** | **15.7** | **7.3** |
| ***Бруто надворешни побарувања без РЕПО*** | ***3,704.5*** | ***45.7*** | ***3,640.4*** | ***43.0*** | ***4,256.6*** | ***50.3*** | **552.1** | **14.9** | **4.6** | **616.3** | **16.9** | **7.3** |
| **Нето надворешен долг** | **1,515.2** | **18.68** | **1,799.7** | **21.3** | **1,772.0** | **20.9** | **256.8** | **16.9** | **2.3** | **-27.7** | **-1.5** | **-0.3** |
| **МИП, нето** | **-4,558.4** | **-56.2** | **-4,845.5** | **-57.3** | **-4,794.0** | **-56.7** | **-235.6** | **5.2** | **-0.5** | **51.5** | **-1.1** | **0.6** |

*Податокот за бруто домашниот производ (БДП) е ревидиран од страна на Државниот завод за статистика на Р.М. согласно со промените во методологијата на пресметка (извор: Соопштение „Бруто домашен производ на Република на Македонија" од 12.12.2014). Податокот за 2014 година е проекција.

Извор: НБРМ.




Извор: НБРМ.

На 30.9.2014 година, бруто надворешниот долг достигна ниво од 6.335 милиони евра, или 74,9% од проектираниот БДП за оваа година. Високиот раст на долгот во третиот квартал од 591 милион евра (или 10,3%), во најголем дел е предизвикан од третата емисија на евро-обврзници во износ од 500 милиони евра.

Бруто надворешниот долг во однос на крајот на 2013 година забележа пораст од 1.115 милиони евра (или 21,4%).

Во текот на третиот квартал соодносот со БДП е влошен за 7 п.п., а од почетокот на годината за 10,5 п.п..




Извор: НБРМ.

Во структурата на бруто надворешниот долг учеството на јавниот надворешен долг во третиот квартал се зголеми за 4,6 п.п.. Во однос на крајот на минатата година, растот на јавниот долг за 44,6%, во услови на раст на приватниот долг од 4,8%, доведе до промени во структурата на долгот и речиси изедначено учество на јавниот и приватниот долг.

# Информација за надворешниот долг и меѓународната инвестициска позиција на Република Македонија, третиот квартал 2014 година




**Рочна структура на бруто надворешен долг (мил. евра)**

Извор: НБРМ.

Кај рочната структура на бруто надворешниот долг е регистрирано намалување на учеството на краткорочниот долг за 3 п.п., споредено со претходниот квартал. Сепак, споредбата со крајот на 2013 година, укажува на пораст на учеството на краткорочниот долг (за 3,4 п.п.). И покрај ваквите промени, рочната структура на бруто-долгот и натаму е поволна, со доминантно учество на долгорочниот долг (73,2%).




**Бруто надворешен долг по институционални сектори (мил. евра)**

Извор: НБРМ.

Од аспект на секторската структура, најголем дел од бруто надворешниот долг претставува долг на секторот „држава" (2.147 милиони евра, или 33,9% од вкупниот надворешен долг). Потоа следуваат долгот на останатите сектори (главно нефинансиски трговски друштва), од 1.919 милиони евра и долгот кон поврзаните субјекти од 1.305 милиони евра (30,3% и 20,6% од вкупниот надворешен долг, соодветно).




**Бруто надворешен долг по инструменти (мил. евра)**

Извор: НБРМ.

Најголем дел, или 68,3% од бруто надворешната задолженост на земјата произлегува од заеми, по што следува задолженоста врз основа на трговски кредити, со учество од 17,1%. Задолженоста на земјата по основ на должнички хартии од вредност, со најновата емисија на евро-обврзници достигна 10,7% и на годишно ниво, е зголемена за 7,9 п.п..




Извор: НБРМ.

Анализата на валутната структура на заемите, како доминантен инструмент покажува дека најголем дел од обврските на крајот на третиот квартал на 2014 година се во евра (84%).




Извор: НБРМ.

Порастот на вкупниот бруто надворешен долг во третиот квартал на 2014 година во најголем дел произлегува од зголемениот јавен долг (за 558 милиони евра), додека приватниот долг е зголемен само за 32 милиона евра.




Извор: НБРМ.

Зголемувањето на јавниот надворешен долг е резултат на зголемување на долгот на државата за 542 милиона евра (најголем дел, или 516 милиони евра се однесуваат за должничките хартии од вредност) и растот на долгот на јавните претпријатија и јавните банки за 26 милиони евра.




Извор: НБРМ.

Главен причинител за порастот на приватниот надворешен долг во третиот квартал од 2014 година е зголемувањето на меѓукомпанискиот долг (за 49 милиони евра) и долгот на небанкарскиот приватен сектор (за 10 милиони евра), додека кај приватните банки забележано е намалување на долгот за 27 милиони евра.




Извор: НБРМ.

Од аспект на институционалните сектори, 92% од кварталниот раст на бруто-долгот произлегува од порастот на долгот на државата, во износ од 542 милиона евра. Меѓукомпанискиот долг е зголемен за 49 милиони евра, додека промените кај останатите сектори меѓусебно се нетираат.




Извор: НБРМ.

Споредено со крајот на 2013 година, најголем дел од вкупниот раст на бруто-долгот произлегува од јавниот надворешен долг на износ од 969 милиони евра (при кумулативен раст од 44,6%), додека приватниот долг е зголемен за 146 милиони евра .




Извор: НБРМ.

Споредено со крајот на 2013 година, зголемувањето на бруто-долгот главно произлегува од секторот „држава“ (538 милиони евра), секторот „централна банка“ (308 милиони евра), останатите сектори (160 милиони евра) и од меѓукомпанискиот долг (136 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Во третиот квартал од 2014 година бруто надворешните побарувања се зголемени за 618 милиони евра (или 15,7%) и на 30.9.2014 година изнесуваат 4.563 милиони евра, односно 53,9% од проектираниот БДП за оваа година.

Во однос на крајот од 2013 година, бруто надворешните побарувања се повисоки за 858 милиони евра (или 23,2%).




Извор: НБРМ

Во третиот квартал на 2014 година е регистрирано квартално поместување во структурата на побарувањата во корист на јавните бруто надворешни побарувања (за 5,6 п.п.). Во однос на крајот на 2013 година, нивното учество е зголемено за 6,7 п.п..




Извор: НБРМ.

Од аспект на рочната структура, во третиот квартал од 2014 година долгорочните побарувања бележат раст на учеството за 5 п.п. во однос на претходниот квартал, додека во однос на крајот на 2013 година тие се намалени за 5 п.п. Со тоа, долгорочните побарувања повторно доминираат во структурата на побарувањата, со учество од 51,5%.




Извор: НБРМ.

Носител на најголем дел од бруто надворешните побарувања е централната банка, со износ од 2.533 милиони евра, или 55,5% од вкупните побарувања. По нив следуваат побарувањата на останатите сектори (главно нефинансиски трговски друштва), во износ од 890 милиони евра, или 19,5% од вкупните побарувања.




Извор: НБРМ.

Во рамки на бруто надворешните побарувања, најзначајни должнички инструменти се: должничките хартии од вредност (42,6%), трговските кредити и аванси (22,7%), валутите и депозитите (18,5%) и заемите (16%).




Извор: НБРМ

Растот на бруто надворешните побарувања во третиот квартал на 2014 година во износ од 618 милиони евра, главно се должи на зголемените јавни побарувања (за 570 милиони евра), што главно произлегува од растот на девизните резерви на централната банка.




Извор: НБРМ.

Приватните надворешни побарувања во третиот квартал на 2014 година забележаа пораст од 49 милиони евра, под влијание на зголемените побарувања на приватните банки и небанкарскиот приватен сектор (главно по основ на трговски кредити и аванси), наспроти намалените меѓукомпаниски побарувања.




Извор: НБРМ.

Од аспект на институционалните сектори, кварталното зголемување на бруто-побарувањата е под влијание на промените кај централната банка (раст од 566 милиони евра), кај депозитните институции (раст од 53 милиони евра) и останатите сектори (раст од 16 милиони евра), додека меѓукомпаниските побарувања се намалени за 21 милион евра.




Извор: НБРМ.

Во однос на крајот од 2013 година, јавните побарувања се зголемени за 734 милиони евра, додека приватните побарувања се повисоки за 124 милиони евра. Освен кај централната банка, најзначајно зголемување на побарувањата е забележано кај небанкарскиот приватен сектор (за 129 милиони евра) и кај приватните банки (за 28 милиони евра), Намалување е забележано кај меѓукомпаниските побарувања (за 33 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Од аспект на институционалните сектори, најголем придонес за годишниот кумулативен раст на вкупните надворешни побарувања имаат централната банка (со 731 милион евра) и останатите сектори (со 129 милиони евра).




Извор:НБРМ.

Во услови кога кварталниот раст на бруто надворешните побарувања (за 618 милиони евра) го надмина кварталниот раст на бруто надворешниот долг (за 591 милион евра), нето надворешниот долг во третиот квартал од 2014 година се намали за 28 милиони евра (1,5%), со што достигна ниво од 1.772 милиони евра (20,9% од проектираниот БДП).

Сепак, кумулативната промена на нето надворешниот долг од почетокот на годината укажува на зголемување од 257 милиони евра (16,9%).




Извор:НБРМ.

Најголем дел од нето-долгот (68,4%) е долг на приватниот сектор. Сепак, главен двигател на кумулативниот раст е јавниот нето-долг (за 235 милиони евра).




Извор:НБРМ.

Од аспект на состојбите, освен централната банка, сите други сектори се нето-должници кон странство. Најголем нето-должник е државата, чијшто нето надворешен долг изнесува 2.099 милиона евра, потоа следуваат „останатите сектори" со 1.029 милиони евра и меѓукомпанискиот нето-долг со 799 милиони евра.




Извор: НБРМ.

Во текот на третиот квартал на 2014 година е забележано намалување на негативната нето меѓународна инвестициска позиција (МИП) за 52 милиона евра (1,1%), која достигна 4.794 милиони евра. Гледано преку релативниот показател (56,7% од БДП), негативната нето МИП во третиот квартал бележи минимален пад од 0,6 п.п..




Извор: НБРМ.

И натаму, најголем удел (84,8%) во негативната нето МИП имаат нето-обврските по директни инвестиции, од кои 80,4% по основ на сопственички капитал.




Извор: НБРМ.

Кварталниот пад на негативната нето МИП од 52 милиона евра е резултат на поголемиот раст на средствата (за 629 милиони евра) споредено со растот на обврските (за 578 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Гледано по инструменти, промените кај должничките и сопственичките инструменти имаат речиси идентичен придонес за кварталниот пад на негативната нето МИП. При што, нето-обврските по должнички инструменти се намалени за 28 милиони евра, со истовремен пад на нето-обврските по сопственички инструменти за 24 милиони евра.




Извор: НБРМ.

На кумулативно ниво, негативната МИП, нето, е зголемена за 236 милиони евра, при што доминантен придонес имаат промените кај должничките инструменти (зголемување на нето надворешниот долг за 257 милиони евра) наспроти намалените нето-обврски по сопственички инструменти (за само 21 милион евра).




Извор: НБРМ.

Во структурата на сопственичките инструменти е регистрирано намалување на нето-обврските кај сопственичкиот капитал, во рамки на директните и портфолио-инвестиции (за 16 и 10 милиони евра, соодветно), проследено со минимално намалување на средствата во монетарно злато (за 2 милиона евра, главно поради ценовни и курсни промени).

# ПРИЛОГ ТАБЕЛИ

Табела 1

## Бруто надворешен долг*

(милиони евра)

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | Кв.1 2013 | Кв.2 2013 | Кв.3 2013 | Кв.4 2013 | Кв.1 2014 | Кв.2 2014 | Кв.3 2014 | промена во однос на крај на претходна година | | квартална промена | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Инструменти | | | | | | | | | | | | | во мил. евра | во %/п.п. | во мил. евра | во %/п.п. |
| Валути и депозити | 174.0 | 198.8 | 195.8 | 134.0 | 198.7 | 188.5 | 190.8 | 182.5 | 168.4 | 158.7 | 169.1 | 163.3 | -5.1 | -3.0 | -5.7 | -3.4 |
| Должнички хартии од вредност | 133.3 | 277.3 | 258.9 | 202.5 | 293.8 | 153.6 | 154.6 | 157.8 | 152.4 | 165.6 | 164.8 | 680.8 | 528.4 | 346.6 | 515.9 | 313.0 |
| Заеми | 2,016.2 | 2,217.4 | 2,674.0 | 3,377.7 | 3,499.2 | 3,983.3 | 4,069.1 | 4,065.5 | 3,791.2 | 4,133.4 | 4,254.5 | 4,325.9 | 534.7 | 14.1 | 71.4 | 1.7 |
| Трговски кредити и аванси | 822.3 | 828.2 | 860.5 | 1,033.4 | 1,093.1 | 1,081.3 | 1,105.2 | 1,026.3 | 1,028.2 | 1,090.0 | 1,075.0 | 1,081.9 | 53.7 | 5.2 | 6.9 | 0.6 |
| Останати обврски | 149.2 | 187.0 | 40.1 | 20.7 | 10.3 | 10.3 | 10.3 | 10.3 | 6.3 | 6.3 | 6.3 | 6.3 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Специјални права на влечење | 9.2 | 71.7 | 76.4 | 78.3 | 76.7 | 76.9 | 75.4 | 74.4 | 73.2 | 73.7 | 74.5 | 76.6 | 3.4 | 4.7 | 2.1 | 2.8 |
| **Бруто надворешен долг** | **3,304.16** | **3,780.36** | **4,105.71** | **4,846.61** | **5,171.67** | **5,493.89** | **5,605.33** | **5,516.79** | **5,219.75** | **5,627.59** | **5,744.18** | **6,334.84** | **1,115.1** | **21.4** | **590.7** | **10.3** |
| Сектори | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Држава | 906.33 | 1,055.84 | 1,113.40 | 1,464.24 | 1,589.81 | 1,692.42 | 1,683.28 | 1,631.13 | 1,608.89 | 1,625.89 | 1,604.69 | 2,146.75 | 537.9 | 33.4 | 542.1 | 33.8 |
| Централна банка | 9.15 | 71.74 | 76.42 | 310.82 | 234.24 | 380.63 | 427.03 | 357.71 | 73.20 | 378.01 | 378.61 | 381.50 | 308.3 | 421.2 | 2.9 | 0.8 |
| Депозитни институции, освен централна банка | 384.07 | 468.22 | 578.78 | 564.75 | 618.82 | 626.23 | 666.15 | 635.59 | 609.34 | 606.05 | 607.86 | 582.77 | -26.6 | -4.4 | -25.1 | -4.1 |
| Останати сектори | 1,321.91 | 1,346.99 | 1,464.82 | 1,702.60 | 1,730.87 | 1,733.31 | 1,752.42 | 1,767.59 | 1,758.92 | 1,784.99 | 1,896.56 | 1,918.83 | 159.9 | 9.1 | 22.3 | 1.2 |
| Дирекни инвестиции: Заеми меѓу поврзани претпријатија | 682.70 | 837.56 | 872.30 | 804.20 | 997.94 | 1,061.29 | 1,076.45 | 1,124.77 | 1,169.39 | 1,232.65 | 1,256.46 | 1,304.98 | 135.6 | 11.6 | 48.5 | 3.9 |
| **Бруто надворешен долг** | **3,304.16** | **3,780.36** | **4,105.71** | **4,846.61** | **5,171.67** | **5,493.89** | **5,605.33** | **5,516.79** | **5,219.75** | **5,627.59** | **5,744.18** | **6,334.84** | **1,115.1** | **21.4** | **590.7** | **10.3** |
| **Бруто надворешен долг/БДП %** | **48.79** | **55.87** | **57.76** | **64.24** | **68.18** | **67.73** | **69.10** | **68.01** | **64.35** | **66.52** | **67.90** | **74.88** | | 10.5 | | 7.0 |
| ***Бруто надворешен долг без РЕПО*** | ***0.00*** | ***0.00*** | ***0.00*** | ***4,614.08*** | ***5,014.10*** | ***5,190.17*** | ***5,253.67*** | ***5,233.45*** | ***5,219.75*** | ***5,323.31*** | ***5,440.06*** | ***6,029.94*** | **810.2** | **15.5** | **589.9** | **10.8** |
| ***Бруто надворешен долг без РЕПО/БДП %*** | ***0.00*** | ***0.00*** | ***0.00*** | ***61.16*** | ***66.11*** | ***63.98*** | ***64.77*** | ***64.52*** | ***64.35*** | ***62.92*** | ***64.30*** | ***71.28*** | | 6.9 | | 7.0 |
| Долгорочен долг | 2,141.58 | 2,538.11 | 2,958.84 | 3,450.58 | 3,677.54 | 3,863.19 | 3,877.35 | 3,988.38 | 4,002.85 | 3,948.03 | 4,037.47 | 4,640.05 | 637.2 | 15.9 | 602.6 | 14.9 |
| Краткорочен долг | 1,162.58 | 1,242.25 | 1,146.87 | 1,396.03 | 1,494.13 | 1,630.70 | 1,727.98 | 1,528.41 | 1,216.90 | 1,679.55 | 1,706.71 | 1,694.79 | 477.9 | 39.3 | -11.9 | -0.7 |
| Долгорочен долг% | 64.81 | 67.14 | 72.07 | 71.20 | 71.11 | 70.32 | 69.17 | 72.30 | 76.69 | 70.15 | 70.29 | 73.25 | | -3.4 | | 3.0 |
| Краткорочен долг% | 35.19 | 32.86 | 27.93 | 28.80 | 28.89 | 29.68 | 30.83 | 27.70 | 23.31 | 29.85 | 29.71 | 26.75 | | 3.4 | | -3.0 |
| Долгорочен долг/БДП % | 31.62 | 37.51 | 41.62 | 45.74 | 48.48 | 47.62 | 47.80 | 49.17 | 49.35 | 46.67 | 47.72 | 54.85 | | 5.5 | | 7.1 |
| Краткорочен долг/БДП % | 17.17 | 18.36 | 16.13 | 18.50 | 19.70 | 20.10 | 21.30 | 18.84 | 15.00 | 19.85 | 20.17 | 20.03 | | 5.0 | | -0.1 |
| **Јавен долг** | **1,109.94** | **1,324.87** | **1,424.82** | **2,061.11** | **2,162.13** | **2,466.91** | **2,513.16** | **2,472.83** | **2,172.35** | **2,504.98** | **2,582.63** | **3,141.14** | **968.8** | **44.6** | **558.5** | **21.6** |
| Држава | 906.33 | 1,055.84 | 1,113.40 | 1,464.24 | 1,589.81 | 1,692.42 | 1,683.28 | 1,631.13 | 1,608.89 | 1,625.89 | 1,604.69 | 2,146.75 | 537.9 | 33.4 | 542.1 | 33.8 |
| Централна банка | 9.15 | 71.74 | 76.42 | 310.82 | 234.24 | 380.63 | 427.03 | 357.71 | 73.20 | 378.01 | 378.61 | 381.50 | 308.3 | 421.2 | 2.9 | 0.8 |
| Јавни банки и јавни претпријатија | 194.45 | 197.28 | 235.00 | 286.05 | 338.08 | 393.86 | 402.84 | 483.99 | 490.26 | 501.08 | 599.32 | 612.89 | 122.6 | 25.0 | 13.6 | 2.3 |
| **Приватен долг** | **2,194.23** | **2,455.49** | **2,680.90** | **2,785.50** | **3,009.54** | **3,026.98** | **3,092.18** | **3,043.96** | **3,047.39** | **3,122.61** | **3,161.55** | **3,193.69** | **146.3** | **4.8** | **32.1** | **1.0** |
| Јавен долг% | 33.59 | 35.05 | 34.70 | 42.53 | 41.81 | 44.90 | 44.84 | 44.82 | 41.62 | 44.51 | 44.96 | 49.59 | | 8.0 | | 4.6 |
| Приватен долг% | 66.41 | 64.95 | 65.30 | 57.47 | 58.19 | 55.10 | 55.16 | 55.18 | 58.38 | 55.49 | 55.04 | 50.41 | | -8.0 | | -4.6 |
| Јавен долг/БДП % | 16.39 | 19.58 | 20.04 | 27.32 | 28.51 | 30.41 | 30.98 | 30.48 | 26.78 | 29.61 | 30.53 | 37.13 | | 10.3 | | 6.6 |
| Приватен долг/БДП % | 32.40 | 36.29 | 37.71 | 36.92 | 39.68 | 37.32 | 38.12 | 37.52 | 37.57 | 36.91 | 37.37 | 37.75 | | 0.2 | | 0.4 |

* Податокот за бруто домашниот производ (БДП) е ревидиран од страна на Државниот завод за статистика на РМ согласно со промените во методологијата на пресметка (извор: Соопштение „Бруто домашен производ на Република на Македонија" од 12.12.2014). Податокот за 2014 година е проекција.

Извор: НБРМ.

Табела 2

**Бруто надворешни побарувања***

(милиони евра)

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | Кв.1 2013 | Кв.2 2013 | Кв.3 2013 | Кв.4 2013 | Кв.1 2014 | Кв.2 2014 | Кв.3 2014 | промена во однос на крај на претходна година | | квартална промена | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Инструменти | | | | | | | | | | | | | во мил. евра | во %/п.п. | во мил. евра | во %/п.п. |
| Валути и депозити | 628.5 | 937.9 | 903.1 | 995.2 | 961.3 | 681.9 | 655.3 | 732.3 | 711.6 | 643.0 | 778.5 | 846.3 | 134.6 | 18.9 | 67.8 | 8.7 |
| Должнички хартии од вредност | 1,114.7 | 901.2 | 1,139.7 | 1,394.3 | 1,492.2 | 1,801.2 | 1,707.8 | 1,688.4 | 1,627.7 | 1,610.6 | 1,395.3 | 1,945.6 | 317.9 | 19.5 | 550.3 | 39.4 |
| Заеми | 66.2 | 133.7 | 271.1 | 561.2 | 629.1 | 819.6 | 838.1 | 764.8 | 494.5 | 801.6 | 763.6 | 730.6 | 236.1 | 47.8 | -33.0 | -4.3 |
| Трговски кредити и аванси | 551.1 | 490.4 | 640.7 | 779.4 | 788.8 | 815.2 | 858.7 | 846.8 | 865.9 | 920.0 | 1,001.8 | 1,034.7 | 168.8 | 19.5 | 32.9 | 3.3 |
| Останати обврски | 31.0 | 34.8 | 0.5 | 0.0 | 0.0 | 1.4 | 1.6 | 1.5 | 1.4 | 1.5 | 1.5 | 1.5 | 0.1 | 5.8 | 0.1 | 4.7 |
| Специјални права на влечење | 1.0 | 63.5 | 0.9 | 0.6 | 1.2 | 1.9 | 2.4 | 2.9 | 3.3 | 3.8 | 3.9 | 4.1 | 0.8 | 23.5 | 0.2 | 4.9 |
| **Бруто надворешни побарувања** | **2,392.49** | **2,561.41** | **2,956.05** | **3,730.69** | **3,872.61** | **4,121.19** | **4,063.85** | **4,036.66** | **3,704.50** | **3,980.51** | **3,944.48** | **4,562.81** | **858.3** | **23.2** | **618.3** | **15.7** |
| Сектори | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Држава | 0.00 | 0.00 | 45.60 | 46.80 | 45.94 | 47.23 | 46.30 | 44.74 | 43.94 | 44.02 | 44.46 | 47.68 | 3.7 | 8.5 | 3.2 | 7.2 |
| Централна банка | 1,361.55 | 1,429.81 | 1,482.84 | 2,034.91 | 2,053.82 | 2,261.52 | 2,200.79 | 2,133.18 | 1,802.66 | 2,040.26 | 1,966.76 | 2,533.16 | 730.5 | 40.5 | 566.4 | 28.8 |
| Депозитни институции, освен централна банка | 390.65 | 496.81 | 572.83 | 603.05 | 572.70 | 558.18 | 547.36 | 593.24 | 557.82 | 538.49 | 532.68 | 586.22 | 28.4 | 5.1 | 53.5 | 10.1 |
| Останати сектори | 507.00 | 440.22 | 571.84 | 722.31 | 712.79 | 727.43 | 765.17 | 757.92 | 761.29 | 801.60 | 874.08 | 889.98 | 128.7 | 16.9 | 15.9 | 1.8 |
| Дирекни инвестиции: Заеми меѓу поврзани претпријатија | 133.29 | 194.56 | 282.94 | 323.61 | 487.36 | 526.83 | 504.22 | 507.58 | 538.79 | 556.15 | 526.50 | 505.77 | -33.0 | -6.1 | -20.7 | -3.9 |
| **Бруто надворешни побарувања** | **2,392.49** | **2,561.41** | **2,956.05** | **3,730.69** | **3,872.61** | **4,121.19** | **4,063.85** | **4,036.66** | **3,704.50** | **3,980.51** | **3,944.48** | **4,562.81** | **858.3** | **23.2** | **618.3** | **15.7** |
| **Бруто надворешни побарувања/БДП %** | **35.33** | **37.85** | **41.58** | **49.45** | **51.06** | **50.80** | **50.10** | **49.76** | **45.67** | **47.05** | **46.63** | **53.93** | | **8.3** | | **7.3** |
| ***Бруто надворешни побарувања без РЕПО*** | ***0.00*** | ***0.00*** | ***0.00*** | ***3,497.63*** | ***3,736.55*** | ***3,817.21*** | ***3,701.43*** | ***3,752.81*** | ***3,704.50*** | ***3,676.23*** | ***3,640.36*** | ***4,256.63*** | **552.1** | **14.9** | **616.3** | **16.9** |
| ***Бруто надворешни побарувања без РЕПО/БДП*** | ***0.00*** | ***0.00*** | ***0.00*** | ***46.36*** | ***49.26*** | ***47.06*** | ***45.63*** | ***46.26*** | ***45.67*** | ***43.45*** | ***43.03*** | ***50.31*** | | **4.6** | | **7.3** |
| Долгорочни побарувања | 1,199.21 | 1,087.90 | 1,352.64 | 1,655.28 | 1,898.65 | 2,260.79 | 2,151.87 | 2,138.06 | 2,093.42 | 2,079.26 | 1,832.79 | 2,348.12 | 254.7 | 12.2 | 515.3 | 28.1 |
| Краткорочни побарувања | 1,193.28 | 1,473.51 | 1,603.42 | 2,075.40 | 1,973.96 | 1,860.41 | 1,911.98 | 1,898.60 | 1,611.07 | 1,901.26 | 2,111.69 | 2,214.69 | 603.6 | 37.5 | 103.0 | 4.9 |
| Долгорочни побарувања% | 50.12 | 42.47 | 45.76 | 44.37 | 49.03 | 54.86 | 52.95 | 52.97 | 56.51 | 52.24 | 46.46 | 51.46 | | -5.0 | | 5.0 |
| Краткорочни побарувања% | 49.88 | 57.53 | 54.24 | 55.63 | 50.97 | 45.14 | 47.05 | 47.03 | 43.49 | 47.76 | 53.54 | 48.54 | | 5.0 | | -5.0 |
| Долгорочни побарувања/БДП % | 17.71 | 16.08 | 19.03 | 21.94 | 25.03 | 27.87 | 26.53 | 26.36 | 25.81 | 24.58 | 21.66 | 27.76 | | 1.9 | | 6.1 |
| Краткорочни побарувања/БДП % | 17.62 | 21.78 | 22.56 | 27.51 | 26.02 | 22.93 | 23.57 | 23.41 | 19.86 | 22.47 | 24.96 | 26.18 | | 6.3 | | 1.2 |
| **Јавни побарувања** | **1,361.55** | **1,429.81** | **1,528.44** | **2,081.72** | **2,099.76** | **2,308.75** | **2,247.09** | **2,177.92** | **1,846.60** | **2,084.28** | **2,011.23** | **2,580.84** | **734.2** | **39.8** | **569.6** | **28.3** |
| Држава | 0.00 | 0.00 | 45.60 | 46.80 | 45.94 | 47.23 | 46.30 | 44.74 | 43.94 | 44.02 | 44.46 | 47.68 | 3.7 | 8.5 | 3.2 | 7.2 |
| Централна банка | 1,361.55 | 1,429.81 | 1,482.84 | 2,034.91 | 2,053.82 | 2,261.52 | 2,200.79 | 2,133.18 | 1,802.66 | 2,040.26 | 1,966.76 | 2,533.16 | 730.5 | 40.5 | 566.4 | 28.8 |
| Јавни банки и јавни претпријатија | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | | | | |
| **Приватен побарувања** | **1,030.94** | **1,131.60** | **1,427.61** | **1,648.97** | **1,772.86** | **1,812.45** | **1,816.76** | **1,858.74** | **1,857.90** | **1,896.23** | **1,933.26** | **1,981.97** | **124.1** | **6.7** | **48.7** | **2.5** |
| Јавни побарувања% | 56.91 | 55.82 | 51.71 | 55.80 | 54.22 | 56.02 | 55.29 | 53.95 | 49.85 | 52.36 | 50.99 | 56.56 | | 6.7 | | 5.6 |
| Приватни побарувања% | 43.09 | 44.18 | 48.29 | 44.20 | 45.78 | 43.98 | 44.71 | 46.05 | 50.15 | 47.64 | 49.01 | 43.44 | | -6.7 | | -5.6 |
| Јавни побарувања/БДП % | 20.11 | 21.13 | 21.50 | 27.59 | 27.68 | 28.46 | 27.70 | 26.85 | 22.76 | 24.64 | 23.77 | 30.51 | | 7.7 | | 6.7 |
| Приватни побарувања/БДП % | 15.22 | 16.72 | 20.08 | 21.86 | 23.37 | 22.34 | 22.40 | 22.91 | 22.90 | 22.41 | 22.85 | 23.43 | | 0.5 | | 0.6 |

*Податокот за бруто домашниот производ (БДП) е ревидиран од страна на Државниот завод за статистика на РМ согласно со промените во методологијата на пресметка (извор: Соопштение „Бруто домашен производ на Република Македонија“ од 12.12.2014). Податокот за 2014 година е проекција.

Извор: НБРМ.

Табела 3

**Нето надворешен долг***

(милиони евра)

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | Кв.1 2013 | Кв.2 2013 | Кв.3 2013 | Кв.4 2013 | Кв.1 2014 | Кв.2 2014 | Кв.3 2014 | промена во однос на крај на претходна година | | квартална промена | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Инструменти | | | | | | | | | | | | | во мил. евр | во %/п.п. | во мил. евр | во %/п.п. |
| Валути и депозити | -454.5 | -739.2 | -707.3 | -861.1 | -762.6 | -493.4 | -464.4 | -549.8 | -543.2 | -484.3 | -609.4 | -682.9 | -139.7 | 25.7 | -73.5 | 12.1 |
| Должнички хартии од вредност | -981.4 | -623.9 | -880.8 | -1,191.8 | -1,198.4 | -1,647.7 | -1,553.2 | -1,530.6 | -1,475.3 | -1,445.1 | -1,230.4 | -1,264.8 | 210.4 | -14.3 | -34.4 | 2.8 |
| Заеми | 1,949.9 | 2,083.8 | 2,402.9 | 2,816.5 | 2,870.0 | 3,163.7 | 3,230.9 | 3,300.7 | 3,296.8 | 3,331.8 | 3,490.9 | 3,595.3 | 298.6 | 9.1 | 104.4 | 3.0 |
| Трговски кредити и аванси | 271.2 | 337.8 | 219.7 | 253.9 | 304.3 | 266.1 | 246.4 | 179.5 | 162.3 | 170.0 | 73.3 | 47.2 | -115.1 | -70.9 | -26.0 | -35.5 |
| Останати обврски | 118.2 | 152.2 | 39.6 | 20.7 | 10.3 | 9.0 | 8.8 | 8.8 | 4.8 | 4.8 | 4.8 | 4.7 | -0.1 | -1.8 | -0.1 | -1.4 |
| Специјални права на влечење | 8.2 | 8.2 | 75.5 | 77.7 | 75.5 | 75.0 | 73.0 | 71.5 | 69.9 | 69.9 | 70.6 | 72.5 | 2.6 | 3.8 | 1.9 | 2.7 |
| **Нето надворешен долг** | **911.68** | **1,218.94** | **1,149.66** | **1,115.92** | **1,299.06** | **1,372.70** | **1,541.48** | **1,480.13** | **1,515.25** | **1,647.08** | **1,799.70** | **1,772.03** | **256.8** | **16.9** | **-27.7** | **-1.5** |
| Сектори | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Држава | 906.33 | 1,055.84 | 1,067.80 | 1,417.44 | 1,543.87 | 1,645.19 | 1,636.98 | 1,586.40 | 1,564.96 | 1,581.87 | 1,560.23 | 2,099.07 | 534.1 | 34.1 | 538.8 | 34.5 |
| Централна банка | -1,352.39 | -1,358.07 | -1,406.42 | -1,724.09 | -1,819.58 | -1,880.89 | -1,773.77 | -1,775.48 | -1,729.46 | -1,662.26 | -1,588.15 | -2,151.66 | -422.2 | 24.4 | -563.5 | 35.5 |
| Депозитни институции, освен централна банка | -6.57 | -28.60 | 5.95 | -38.30 | 46.11 | 68.05 | 118.78 | 42.34 | 51.53 | 67.57 | 75.18 | -3.45 | -55.0 | -106.7 | -78.6 | -104.6 |
| Останати сектори | 814.91 | 906.77 | 892.98 | 980.29 | 1,018.07 | 1,005.88 | 987.25 | 1,009.68 | 997.63 | 983.39 | 1,022.48 | 1,028.86 | 31.2 | 3.1 | 6.4 | 0.6 |
| Директни инвестиции: Заеми меѓу поврзани претпријатија | 549.40 | 643.00 | 589.36 | 480.59 | 510.58 | 534.46 | 572.23 | 617.19 | 630.60 | 676.50 | 729.96 | 799.21 | 168.6 | 26.7 | 69.2 | 9.5 |
| **Нето надворешен долг** | **911.68** | **1,218.94** | **1,149.66** | **1,115.92** | **1,299.06** | **1,372.70** | **1,541.48** | **1,480.13** | **1,515.25** | **1,647.08** | **1,799.70** | **1,772.03** | **256.8** | **16.9** | **-27.7** | **-1.5** |
| **Нето надворешен долг/БДП %** | **13.46** | **18.01** | **16.17** | **14.79** | **17.13** | **16.92** | **19.00** | **18.25** | **18.68** | **19.47** | **21.27** | **20.95** | | **2.3** | | **-0.3** |
| Долгорочен долг | 942.37 | 1,450.21 | 1,606.20 | 1,795.30 | 1,778.89 | 1,602.40 | 1,725.48 | 1,850.31 | 1,909.42 | 1,868.78 | 2,204.68 | 2,291.93 | 382.5 | 20.0 | 87.3 | 4.0 |
| Краткорочен долг | -30.70 | -231.27 | -456.54 | -679.37 | -479.83 | -229.71 | -184.00 | -370.19 | -394.17 | -221.70 | -404.98 | -519.91 | -125.7 | 31.9 | -114.9 | 28.4 |
| Долгорочен долг% | 103.37 | 118.97 | 139.71 | 160.88 | 136.94 | 116.73 | 111.94 | 125.01 | 126.01 | 113.46 | 122.50 | 129.34 | | 3.3 | | 6.8 |
| Краткорочен долг% | -3.37 | -18.97 | -39.71 | -60.88 | -36.94 | -16.73 | -11.94 | -25.01 | -26.01 | -13.46 | -22.50 | -29.34 | | -3.3 | | -6.8 |
| Долгорочен долг/БДП % | 13.92 | 21.43 | 22.59 | 23.80 | 23.45 | 19.75 | 21.27 | 22.81 | 23.54 | 22.09 | 26.06 | 27.09 | | 3.6 | | 1.0 |
| Краткорочен долг/БДП % | -0.45 | -3.42 | -6.42 | -9.01 | -6.33 | -2.83 | -2.27 | -4.56 | -4.86 | -2.62 | -4.79 | -6.15 | | -1.3 | | -1.4 |
| **Јавен долг** | **-251.61** | **-104.95** | **-103.62** | **-20.61** | **62.37** | **158.16** | **266.06** | **294.91** | **325.76** | **420.70** | **571.40** | **560.30** | **234.5** | **72.0** | **-11.1** | **-1.9** |
| Држава | 906.33 | 1,055.84 | 1,067.80 | 1,417.44 | 1,543.87 | 1,645.19 | 1,636.98 | 1,586.40 | 1,564.96 | 1,581.87 | 1,560.23 | 2,099.07 | 534.1 | 34.1 | 538.8 | 34.5 |
| Централна банка | -1,352.39 | -1,358.07 | -1,406.42 | -1,724.09 | -1,819.58 | -1,880.89 | -1,773.77 | -1,775.48 | -1,729.46 | -1,662.26 | -1,588.15 | -2,151.66 | -422.2 | 24.4 | -563.5 | 35.5 |
| Јавни банки и јавни претпријатија | 194.45 | 197.28 | 235.00 | 286.05 | 338.08 | 393.86 | 402.84 | 483.99 | 490.26 | 501.08 | 599.32 | 612.89 | 122.6 | 25.0 | 13.6 | 2.3 |
| **Приватен долг** | **1,163.29** | **1,323.89** | **1,253.28** | **1,136.53** | **1,236.68** | **1,214.54** | **1,275.42** | **1,185.22** | **1,189.49** | **1,226.38** | **1,228.29** | **1,211.72** | **22.2** | **1.9** | **-16.6** | **-1.3** |
| Јавен долг% | -27.60 | -8.61 | -9.01 | -1.85 | 4.80 | 11.52 | 17.26 | 19.92 | 21.50 | 25.54 | 31.75 | 31.62 | | 10.1 | | -0.1 |
| Приватен долг% | 127.60 | 108.61 | 109.01 | 101.85 | 95.20 | 88.48 | 82.74 | 80.08 | 78.50 | 74.46 | 68.25 | 68.38 | | -10.1 | | 0.1 |
| Јавен долг/БДП % | -3.72 | -1.55 | -1.46 | -0.27 | 0.82 | 1.95 | 3.28 | 3.64 | 4.02 | 4.97 | 6.75 | 6.62 | | 2.6 | | -0.1 |
| Приватен долг/БДП % | 17.18 | 19.56 | 17.63 | 15.06 | 16.30 | 14.97 | 15.72 | 14.61 | 14.66 | 14.50 | 14.52 | 14.32 | | -0.3 | | -0.2 |

*Податокот за бруто домашниот производ (БДП) е ревидиран од страна на Државниот завод за статистика на РМ согласно со промените во методологијата на пресметка (извор: Соопштение „Бруто домашен производ на Република Македонија“ од 12.12.2014). Податокот за 2014 година е проекција.

Извор: НБРМ.

Табела 4

**Меѓународна инвестициска позиција***

(милиони евра)

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | Кв.1-2013 | Кв.2-2013 | Кв.3-2013 | Кв.4-2013 | Кв.1-2014 | Кв.2-2014 | Кв.3-2014 | квартална промена | | во однос на крај на претходна година | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | во мил. евра | во %/ п.п. | во мил. евра | во %/ п.п. |
| **МИП-нето** | **-3,265.1** | **-3,612.5** | **-3,629.5** | **-3,965.8** | **-4,177.6** | **-4,268.7** | **-4,532.6** | **-4,479.1** | **-4,558.4** | **-4,728.3** | **-4,845.5** | **-4,794.0** | **51.5** | **-1.1** | **-235.6** | **5.2** |
| Средства | 2,579.8 | 2,785.5 | 3,258.4 | 4,113.2 | 4,257.5 | 4,524.1 | 4,412.4 | 4,418.0 | 4,082.5 | 4,385.9 | 4,364.8 | 4,994.0 | 629.2 | 14.4 | 911.5 | 22.3 |
| Обврски | 5,844.9 | 6,398.0 | 6,887.9 | 8,079.0 | 8,435.1 | 8,792.8 | 8,945.0 | 8,897.2 | 8,640.8 | 9,114.2 | 9,210.3 | 9,788.0 | 577.7 | 6.3 | 1,147.1 | 13.3 |
| **МИП-нето/БДП (%)** | **-48.2** | **-53.4** | **-51.1** | **-52.6** | **-55.1** | **-52.6** | **-55.9** | **-55.2** | **-56.2** | **-55.9** | **-57.3** | **-56.7** | | **0.6** | | **-0.5** |
| *Сектори* | | | | | | | | | | | | | | | | |
| МИП, нето-држава | -906.3 | -1,055.8 | -1,067.8 | -1,417.4 | -1,539.9 | -1,641.2 | -1,633.0 | -1,582.4 | -1,561.0 | -1,577.9 | -1,556.3 | -2,095.1 | -538.8 | 34.6 | -534.1 | 34.2 |
| МИП, нето-централна банка | 1,486.9 | 1,526.7 | 1,638.8 | 1,991.8 | 2,095.8 | 2,154.4 | 1,975.2 | 1,991.5 | 1,920.4 | 1,868.1 | 1,799.1 | 2,360.3 | 561.2 | 31.2 | 439.9 | 22.9 |
| МИП, нето-депозитни институции освен централната банка | -363.9 | -361.5 | -416.8 | -420.6 | -536.6 | -568.1 | -628.5 | -561.8 | -580.1 | -596.0 | -602.0 | -524.0 | 78.0 | -13.0 | 56.2 | -9.7 |
| МИП, нето-останати сектори | -3,481.8 | -3,721.9 | -3,783.8 | -4,119.5 | -4,196.8 | -4,213.8 | -4,246.3 | -4,326.4 | -4,337.6 | -4,422.5 | -4,486.4 | -4,535.2 | -48.8 | 1.1 | -197.6 | 4.6 |
| *Инструменти* | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Директни инвестиции, нето | -2,907.9 | -3,074.7 | -3,181.3 | -3,520.8 | -3,613.3 | -3,674.3 | -3,744.6 | -3,822.0 | -3,867.9 | -3,980.5 | -4,014.6 | -4,067.5 | -52.9 | 1.3 | -199.6 | 5.2 |
| Портфолио инвестиции, нето | -260.5 | -405.5 | -372.7 | -279.2 | -345.2 | -179.4 | -171.0 | -164.3 | -145.5 | -144.8 | -133.2 | -639.3 | -506.1 | 379.9 | -493.8 | 339.5 |
| Финансиски деривати (освен резервите) и опции на вработените за купување акции, нето | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Останат сопственички капитал, нето | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | -3.2 | -3.2 | -3.2 | -3.2 | -3.1 | -3.2 | -3.2 | 0.0 | 0.3 | 0.0 | 0.4 |
| Валути и депозити, нето | 209.2 | 274.4 | 359.3 | 454.1 | 338.3 | 339.0 | 336.2 | 391.8 | 371.6 | 362.8 | 345.9 | 405.6 | 59.7 | 17.3 | 34.1 | 9.2 |
| Заеми, нето | -1,540.9 | -1,608.8 | -1,942.1 | -2,465.8 | -2,525.4 | -2,801.8 | -2,799.4 | -2,809.7 | -2,791.8 | -2,810.0 | -2,883.0 | -2,901.8 | -18.8 | 0.7 | -109.9 | 3.9 |
| Шеми за осигурителни, пензиски и стандардизирани гаранции, нето | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Трговски кредити и аванси, нето | -170.5 | -229.1 | -130.8 | -144.8 | -148.7 | -103.8 | -116.1 | -63.7 | -42.9 | -21.5 | 42.5 | 52.2 | 9.7 | 22.8 | 95.1 | -221.7 |
| Останати сметки за наплата/плаќање, нето | -80.3 | -94.6 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 1.4 | 1.6 | 1.5 | 1.4 | 1.5 | 1.5 | 1.5 | 0.1 | 4.7 | 0.1 | 5.8 |
| Девизни резерви | 1,494.9 | 1,597.5 | 1,714.5 | 2,068.9 | 2,193.3 | 2,230.4 | 2,039.2 | 2,064.8 | 1,993.0 | 1,941.2 | 1,873.0 | 2,435.0 | 562.0 | 30.0 | 442.0 | 22.2 |
| Специјални права на влечење (нето-создавање обврски) | -9.2 | -71.7 | -76.4 | -78.3 | -76.7 | -76.9 | -75.4 | -74.4 | -73.2 | -73.7 | -74.5 | -76.6 | -2.1 | 2.8 | -3.4 | 4.7 |

*Податокот за бруто домашниот производ (БДП) е ревидиран од страна на Државниот завод за статистика на РМ согласно со промените во методологијата на пресметка (извор: Соопштение „Бруто домашен производ на Република на Македонија" од 12.12.2014). Податокот за 2014 година е проекција.

Извор:НБРМ.